UDK 343.261-055.2(497.1)
343.261-055.2:305(497.1)

# КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИ УСЛОВИ ЗА ЖЕНАТА - ЗАТВОРЕНИК ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

**Олга Кошевалиска**
проф.д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип
olga.gurkova@ugd.edu.mk

**Лазар Нанев**
проф.д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип
Lazar.nanev@ugd.edu.mk

**Елена Максимова**
доц.д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип
elena.ivanova@ugd.edu.mk

**Апстракт**
Пенитенцијарната установа и затвореничкото општество, се неминовни за разгледување кога како тема го имаме криминалитетот и неговите сериозни појавни облици. Класното општество, во сиот свој досегашен развој и алтернативите кои ги нуди, сè уште не изнајде поефикасно средство за спречување на криминалитетот. Во услови кога слободата на човекот станува најзначајно и најсеопфатно заштитено право, се создаваат услови да се согледа вистинската вредност на оваа казна. И колку и да се алармира за негативните депривации од затворањето, и за установата како „универзитет на криминалот“, сепак казната сама по себе сè уште се покажува како најупотребувана во насока на превоспитување и целокупна ресоцијализација.
Жената не без причина е именувана како понежен пол и во криминологијата, од самото извршување на кривичните дела, вид, начин па сè до нејзиното казнување, и затоа би било особено погрешно доколку искуствата на мажите затвореници, како побројни, ги пресликаме и ги земеме како општи за сите затвореници воопшто. Жените се далеку помалкубројни во однос на вкупните затвореници насекаде во светот, но многу поинаку го доживува лишувањето од слобода, целокупното издржување на казната и последиците од неа, па затоа и неминовно е одоеното разгледување. Она кое притоа се наметнува како нужно е анализирање пред сè, на условите во и под кои жената ја издржува затворската казна. Подолу следи компаративен приказ за условите под кои жените од земјите во поранешна Југославија ја издржуваат затворската казна, како и заклучоците за тоа колку сите земји имаат еволуирано низ годините во остварување на минималните права на жените -затворенички.

**Клучни зборови:** *затвореничко опшiстество, пенитенцијарна установа, жена, права,компарација*

# COMPARATIVE REFERENCE TO THE WOMEN'S PENITENTIONAL CONDITIONS - CLOSED IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA

**Olga Koshevalska**
Assoc. Prof. Dr. Faculty of Law, University "Goce Delchev" - Stip
olga.gurkova@ugd.edu.mk

**Lazar Nanev**
Prof. Dr Faculty of Law, University "Goce Delchev" - Stip
lazar.nanev@ugd.edu.mk

**Elena Maksimova**
Ass. Prof. Faculty of Law, University "Goce Delchev" - Stip
elena.ivanova@ugd.edu.mk

## Abstract

The penitentiary institution and the prison society are inevitable for consideration when we start talkink about the crime and its serious manifestations. The class society, in its development and all the alternatives that is offering, has not yet found a more effective way for preventing the crime. In surroundings where human freedom becomes the most important and most comprehensive protected right, the true value of this punishment is more than clear. And no matter how much is talked or alarmed about the negative deprivations of the imprisonment, and for the institution as a "university of crime", the punishment itself, is still shown to be the most used in the direction of re-education and overall re-socialization.

The woman is not without a reason named as a “lower” sex in criminology, when it comes to committing the crimes, their kind, the way to her punishment, and it would be particularly wrong if the experiences that we get from the male prisoners, we take them as general for all the prisoners, regardless their sex. It is a fact that women are far less represented into the than total prisoners’ population anywhere in the world, but they perceive deprivation of liberty so differently, as well as the overall serving of sentences and the consequences thereof, the separate study and surveys are inevitable. What is imposed, as necessary, is the analyze above all the conditions, in and under, which the woman is serving the prison sentence. Below is a comparative overview of the conditions under which women, from the countries of the former Yugoslavia, are serving their sentences, as well as the conclusions on how much these countries have evolved over the years in achieving the minimum rights of women-inmates.

**Keywords:** *prison society, penitentiary institution, woman, rights, comparison*

## ВОВЕД

*„Затворот*
*претставува општествен систем*
*во кој се прави обид да се создаде или да се одржи*
*целосна или скоро целосна општествена контрола.“* (Sykes, 1958)

Дека условите во Република Македонија за издржување на казната затвор за жени осуденички, се уникатни во своите проблеми е далеку од вистина. Праксата која постои кај нас, за жал освен географски, е многу блиска и во развитокот со соседните земји. Секаде се забележува буџетско штедење, кога станува збор за жените осуденички на казна затвор, кое се должи на нивна значително помала застапеност во вкупната затвореничка популација во државата. Од друга страна, проблемот кој е присутен кај целокупната затворска популација, во сите земји од регионот – пренаселеноста, дефокусира, и de facto, не остава простор за акцентирање на положбата на жените затворенички и локациите на пенитенцијарните установи наменети за нив. Сумарно, тоа негативно се одразува на рехабилитацијата на жените затворенички и на успешноста која треба да се постигне со нивниот третман, па затоа многу поважно во случајов е посегнување по алтернативни облици на казнување онаму каде тоа е целисходно.

Државите од регионот ги имаат имплементирано поважните меѓунардони документи кои се однесуваат на стандардите кои треба да ги имаат и правата кои треба да им бидат обезбедени на затворениците од страна на пенитенцијарните установи. Подолу, ќе ги презентираме законските решенија, кои, како што ќе забележиме најчесто се во согласност со меѓународните акти, а со мали осцилации меѓусебно се подударат.

## 1. Домашни пенитенцијарни услови за жени - осуденички

За пенитенцијарната ситуацијата во Македонија слободно можеме да кажеме дека е вистински егземплар на опсервациите и препораките кои постојано се издавани од страна на сите светски организации. Ризикот по психичкиот и /или физичкиот интегритет на жената започнуваат уште во најсензибилната фаза – приведувањето, а и можат да бидат најдрастични токму во оваа фаза. Затоа се смета дека сѐ она кое треба да биде преземено за подобрување на животот на жената која се наоѓа во една пенитенцијарна установа, мора да започне и да се применува уште на самиот почеток, односно во фазата на приведувањето. Република Македонија има четири притворски одделенија во кои можат да бидат упатени жените на кои им е одредена мерката притвор. Овие одделенија се во склоп на Затворот во Битола[1], Затворот во Прилеп[2], Затворот во Скопје (Шуто Оризари)[3] и Затворот во Тетово[4].

Кај нас, како држава која има пенитенцијарен капацитет од единаесет казнено поправни установи[5], единствена пенитенцијарна установа која има услови за

[1] http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis03 (последно пристапено на 25.01.2018);
[2] http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis04 (последно пристапено на 25.01.2018);
[3] http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis07 (последно пристапено на 25.01.2018);
[4] http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis10 (последно пристапено на 25.01.2018);
[5] две од затворен вид: КПД Идризово и КПД Штип, потоа КПД Струга е од отворен вид. Останатите осум се од полуотворен вид: Затвор Скопје, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка,

овозможување на издржување на затворска казна на лица од женски пол е Казнено поправната установа „Идризово“[6].Во КПД „Идризово“ постои посебно оддление за женски лица каде што казната затвор ја издржуваат женски лица од целата територија на Република Македонија кои се осудени со правосилна пресуда на казна затвор или малолетнички затвор независно од висината на казната. Женското одделение, физички е одвоено од делот каде казната затвор ја издржуваат мажите. Притворените женски лица се сместени во посебни простории во притворските одделенија во затворите кои се установи од полуотворен вид. Исто така, единствено во КПД Идризово се извршува казната доживотен затвор изречена на машки и женски лица, како и казната затвор изречена спрема машки и женски лица странски државјани и лица без државјанство. [7]

Одделението нема статус на женски затвор со оглед на малата бројка, иако е сочинето од три типа осудени лица, кои се разликуваат во однос на третманот и согласно Законот за извршување на санкциите[8] треба да бидат издвоени, и тоа:

- женски полнолетни осуденички,
- осуденички кои издржуваат казна малолетнички затвор (ЗИС, чл.40, ст.4) и
- воспитно-поправен дом.

Истите, иако се поделени и имаат разлики во третманот, имаат секојдневен контакт, што овозможува комуникација и влијанија кои не се согласно Законот и постои можност за негативни последици[9]. Постоењето на само една установа каде жени можат да издржуваат казна затвор не е ниту во согласност со Бангкокчките правила[10]. Имено, согласно член 4 од овие правила затворот треба да се наоѓа во близина на домот на осуденичката или центарот за рехабилитација, со што би се овозможило имање на редовни социјални контакти со фамилијата, а кое е особено битно за реинтеграција и социјална инклузија по излегувањето од установата. На овој начин, и со ваква поставеност, на жените во Р.Македонија и се оневозможени редовни контакти со фамилијата кое го отежнува самото издржување на казната затвор и влијае деструктивно во самиот третман, со што се намалува степенот на успешност на третманот за реинтеграција уште на самиот почеток. На 16-ти септември 2013 година во Казнено - поправниот дом Идризово започнати се градежни активности. Објектите во комплексот ќе се градат во три фази, а целосната изградба и реконструкција на оваа

Затвор Струмица, Затвор Гевгелија, Затвор Прилеп, Затвор Битола, Затвор Тетово и Малолетнички Затвор – Охрид;

[6] Казнено поправниот дом „Идризово“, со отворено одделение во Велес, е установа од затворен вид во која има висок степен на физичко и материјално обезбедување. Во КПД „Идризово“ казната затвор ја издржуваат машки лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 3 години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 3 години, како и машки лица повторници осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 6 месеци односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 6 месеци.

[7] http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis01 (последно пристапено на 25.01.2018)

[8] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на РМ“ бр. 2/06, 57/10, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16

[9] Мојаноски, Ц., Бачановиќ, О., Аќимовска – Малетиќ, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска, М., Илијевски, И., Јованова, Н., Димитровска, А., Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија, Истражувачки извештај, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2014, стр.248;

[10] United Nation Rules for Treatment of Women Prisoners and non-custodial measures for women offenders (Bangkok Rules), Resolution 2010/13, United Nation;

установа се очекуваше да биде завршена во 2018 година, која за жал се уште не е реализирана. Меѓу останатото предвидена е и изградба на судница и нови одделенија во женското одделение со капацитет од 78 места[11].

Поради обезбедување на континуитет за унапредување на процесот на ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица, во рамките на Проектот ИПА 2009, кој започна со реализација на почетокот на 2013 година се предвидуваат и активности за доработка и развивање на сите Стандардизирани програми за специфични третмански групи на осудени лица кои беа изработени во текот на 2010/2011 година. Меѓу ваквите програми, кои опфаќаат групи на лица со слични навики или зависности (за злоупотреба на алкохол, на дрога, за насилно однесување, сексуални деликти и сл.) е предвидена и Програмата за третман на осудени лица – жени[12]. Драфт верзии за оваа специфична програма за третман е изработена дури во 2016 година (од страна на работна група од вработените од секторот за ресоцијализација од КПД Штип, КПУ Затвор Скопје, КПУ Затвор Прилеп, КПУ Затвор Битолаи КПД Идрзово)[13]. Понатамошни позначајна активност од аспект на третманот претставува изработката на Општата Когнитивна програма[14] во 2015 година. Програмата има когнитивно - бихејвиорален пристап[15] во третманот на осудените лица што претставува новитет во македонскиот затворски систем и се настојува да се обезбедат сите потребни услови за нејзино успешно имплементирање во пракса. Во рамките на оваа Програма изработени се 5 модули за третман, и тоа за третман на жени, сексуални престапници, доживотен затвор и малолетници, како и модул за третман пред отпуст на осудени лица[16].

[11] Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2013 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2014 година, стр.9, http://www.pravda.gov.mk/UIS/godisen2013.pdf;

[12] Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2012 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2013 година, стр. 5 http://www.pravda.gov.mk/UIS/GODISEN%20IZVESTAJ_uis_2012.pdf

[13] Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2016 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2017 година, стр.4 http://www.pravda.gov.mk/UIS/Godisen%20izvestaj%20na%20UIS%20za%202016%2010_05_2017.pdf ;

[14] Во периодот од 6 – 8 ноември 2014 година, во рамките на ИПА проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", е реализирана работилница со цел развивање на Општа когнитивна програнма од областа на третманот на осудени лица. Самаата програма предвидува креирање на когнитивно бихејвиорален пристап во третманот, што значи поврзаност на мислите, емоциите и однесувањето. Самите техники предвидени со програмата треба да овозможат препознавање на сопствените обрасци на однесување на осудените лица, и планирање и спроведување на личен план за промена, а со тоа и подобрување на третманот на осудените лица. Подетално на http://www.pravda.gov.mk/UIS/kognitivna.pdf ;

[15] Подетално на: http://www.institut-alternativa.com.mk/index.php/psihoterapija/skoli-i-pravci/kognitivna;

[16] Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2015 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2016 година, стр.7,8, http://www.pravda.gov.mk/UIS/GI_UIS_13012017.pdf

### 1.1 Родова сензибилизација во правна уреденост на положбата на жените – осуденички во РМ

Согласно правната рамка во државата, жените ги имаат истите права во текот на издржувањето на казната затвор како и мажите, нормално со осцилации кои што ги налага полот. Имено, со оглед на законска и подзаконска рамка, осудената жена во Република Македонија може да побара да го одложи започнувањето на издржувањето на затворската казна доколку има дете помало од една година или ако е бремена, а до породувањето не останале повеќе од три месеци[17], за разлика од осудените лица од машки пол. По секој друг критериум, достапен согласно Законот, за одлагање на почетокот на извршување на затворската казна, жената е изедначена со мажот.

Полот како критериум за класификација на осудените лица оддамна е присутен во поставувањето на пенитенцијарното уредување во Македонија. Како објективен критериум за екстерна класификација доминантен е уште во шеесетите години на минатиот век. Со донесувањето на Законот за извршување на кривичните санкции од 1961 година и Правилникот за извршување на казната лишување од слобода, доаѓа до значително подобрување и збогатување на критериумите за класификација на осудените лица. Денес, истата се прави согласно Законот за извршување на санциите (ЗИС)[18], Куќниот ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено – поправна установа[19] и Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица[20]. Класификацијата значи изучување на личноста на осуденикот и индивидуализација во неговиот третман. Целокупната класификација, односно поделба по соодветни одделенија, распоредување во соодветни групи како и разместување изразено преку прогресирање или репрогресирање, се презема со цел успешно реализаирање на третманот и целите кои се движат во насока на ресоцијализација на лицето[21]. Затоа, многу подлабинска улога за вистинска ресоцијализација на лицето имаат параметрите за интерна класификација. Не навлегувајќи подетално за критериумите за класификација, гледајќи ја екстерната како примарна, полот, меѓу останатите (видот и природата на казненото дело и степенот на казнената одговорност.) се зема како критериум за класификација. Во ЗИС, а согласно Европските затворски правила, се наведува дека машките и женските осудени лица казната затвор ја издржуваат одвоено. При одредување на третманот на осуденичките, во предвид треба да се земат спецификите кои ги условува нејзината специфична психолошка потреба и физиолошки карактеристики како жена, односно мајчинството, психолошки и хормонални промени и одржување на контакти со децата. Ваквите специфики мора да се засметаат при дефинирање на третманот на осуденичката, а сè со цел прифаќање на одговорноста за сопственото однесување и учење вештини за самоконтрола, со што би се намалил потенцијалот и ризикот од повторно вршење на кривично дело[22].

---

[17] Член 89, став 1, точка 7, Закон за извршување на санкции;

[18] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на РМ“ бр. 2/06, 57/10, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16;

[19] Куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено – поправна установа, Министерство за правда, јануари, 2012

[20] Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица, Службен весник на РМ, бр.173/2011

[21] Види подетално член 12 и член 13 од Куќниот ред

[22] Член 46, Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Министерство за Правда, Управа за извршување на санкции, Скопје 2011

Во поглед на општите права, кои ги уживаат сите затвореници, родовата сензибилизација доаѓа најмногу до израз доколку жената се наоѓа во посебна положба, односно, се мисли на бременост или родилка или доилка. Па, разлика постои уште при уредувањето на начинот на исхраната[23]. Четири недели пред породувањето, осудените бремени жени се упатуваат во породилното одделение на установата, по претходен предлог од лекар. Доколку установата ги има обезбедено сите потребни услови за безбедно породување, жената се пораѓа таму и притоа никаде во матичната книга на родените не смее да стои податокот дека детето е родено во казнено - поправна установа. Во спротивно, доколку не располага установата со потребните услови, жената се пораѓа во општа здравствена установа. До навршена една година од животот на детето, осудената породилка останува во породилното одделение во установата[24]. Понатаму, како и за лицата од машки пол, предвидено е правото на работа[25], со оглед на своите физички и психички способности кои ги утврдува лекарот во установата, како и надоместок за работа[26], пензиски стаж[27] и здравствена заштита[28]. Со оглед на прописите, на осудените жени за време на бременоста, породувањето и мајчинството во однос на отсуствување од работа, се применуваат општите прописи и им се обезбедува стручна помош. Во сите останати права предвидени согласно законската регулатива, како право на образование, на слободни активности, спорт и рекреација, задоволување на верски потреби, контакт со надворешен свет, склучување брак, погодности и сл. жените се потполно изедначени со мажите и нема осцилации кои се врзуваат со родот.

Во поглед на третманот предвидено е дека сите облици на третман можат да се користат кај сите категории на лица од женски пол лишени од слобода. Облиците, методите и техниките што се користат во третманот на лицата од женски пол се идентични со облиците, методите и техниките што се користат во превоспитниот третман на машките осудени лица, со нужно усогласување кон посебните биолошки и психофизички особини на жената. Работата како облик на третман се преименува со нужна претпазливост и респективност во поглед на изборот на видот на работа која можат да ја вршат жените согласно нивната полова предиспозиција и психофизички способности. Медицинско-психолошкиот третман има нагласена примена во текот на издржувањето на казната особено во период на бременост, породување и постпородилен период.[29]

Женското одделение во КПД „Идризово" се состои од отворено и затворено одделение. Согласно извештајот на Народниот Правобранител за 2010 година, констатирано е дека истото располага со 16 соби од кои 4 во Отвореното и 10 во Затвореното одделение, како и една соба за прием на осуденичките и една за извршување на дисциплинската мерка – самица. Собите смета се добро уредени, со доволно дневна светлина, и секоја соба е снабдена со телевизор. Народниот

[23] Член 110 став 3, Закон за извршување на санкции;
[24] Според член 134, Закон за извршување на санкции;
[25] Види член 113, 114,115, Закон за извршување на санкции;
[26] Види член 116, 117, 118, 119 Закон за извршување на санкции;
[27] Види член 123, Закон за извршување на санкции;
[28] Види член 124 - 134, Закон за извршување на санкции;
[29] Упатство за видовите и начините на третман на осудените лица, „Службен весник на Република Македонија", 123/2007, член 58-60;

Правобранител заклучува дека креветите се опремени со душеци и нова постелнина. Просториите се свежо бојадисани, а дворот е чист и уреден. Положбата на осуденичките во однос на сместување, исхрана и лична хигиена е далеку подобра во однос на другите одделенија од КПД „Идризово“. Санитарните јазли и бањите се чисти. Одделението располага со библиотечен фонд од околку 200 книги и кантина каде осуденичките можат да купуваат неопходни средства. Правото на здравствена заштита го остваруваат преку општ лекар и стоматолог кои ги посетуваат секоја седмица. Двапати во месецот имаат и достапен гинеколошки преглед во установата.[30] За самицата секонстаира дека е со големина во согласност со домашните и меѓународните стандарди, но дека температурата е пониска од посакуваните прифатливи стандарди за температура во просторија за сместување. Во спалните соби, констатира, дека се сместени од 3 – 5 осуденички, што е во ред, секоја со сопствен кревет, соодветно оплеменети. Површината на собите смета дека е согласно стандардите, а температурата и влажноста во собите задоволителни. Веќе во овој извештај се упатуваат сериозни критики за санитарните јазли во женскиот дел, кој во периодот од три години се значително оштетени и во кои е присутна видлива влага[31].

Во Извештајот за 2016 година, Народниот Правобранител констатира дека пристапот на осуденичките до здравствена служба е тежок и многу редок. Заклучува дека отсуствуваат редовни и контролни прегледи, рана детекција и превенција на болестите кај жените, дека нема обезбедено гинеколошки прегледи и дека во установата нема се уште вработено гинеколог. Забележува и дека со години нема обезбедено редовен образовен процес, како и во сите останати казнено поправни установи. Во истиот извештај, Народниот Правобранител препорачува редовна и навремена здравствена заштита на затвореничките, установата да обезбеди во секое време пристап до лекар на осуденичките согласно нивните потреби , доекипирање на здравствената служба со осоодветен персонал и итно обезбедување на редовни гинеколошки прегледи[32].

При посетата во затворот, и од разговорот со затвореничките е потврдена ваквата забелешка.

## 2. За Република Србија

Во Република Србија единствената казнено поправна установа каде жените ја издржуваат казната затвор се наоѓа во Пожаревац. Иако и во Р.Србија, порастот на жени затворенички низ годините е евидентен, сепак и таму тие чинат сосема мал процент од вкупната затвореничка популација, која не условила развивање на повеќе центри за издржување на казната низ земјата. Според податоците од Министерството за правда на

[30] Информација за состојбите со оставрувањето на правата на осудените лица во казнено - поправните установи во Република Македонија, Народен Правобранител на Република Македонија, октомври 2010 година, стр. 6, http://ombudsman.mk/upload/documents/Informacija%20KPU-2010-mk.pdf

[31] Годишен извештај, Народен Правобранител, Национален превентивен механизам, мај 2013 стр 40,41, http://ombudsman.mk/upload/NPM-dokumenti/Izvestai/NPM%20Godisen%20izvestaj-2012.pdf

[32] Годишен извештај за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2016, Нардоден правобранител, март 2017, стр 54 и 55, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf

Република Србија, во периодот од 2005 до 2013 година, жените чинат само 3% од вкупната затвореничка популација во државата[33]. Така, во 2005 година регистрирани се 231 осуденичка на казна затвор, во 2010 - 348 осуденички, а во 2015 има 366 евидентирани осуденички[34]. Виктимолошкото друштво во Србија нагласува дека затворите и таму се градени по мера на мажите и дека тотално се занемаруваат специфичните потреби на жените[35]. Согласно Законот за извршување на кривични санкции во Србија, казнено поправната установа за жени се јавува како посебна установа[36] и е предвидена како установа од полуотворен тип. Установата располага со отворено, полуотворено и затворено одделение, во однос на степенот на обезбедување. Начинот на разместување на осуденичките како и критериумите за тоа е исто предвиден во законот како и кај нас. Но, практично, се критикува архитектонското решение на затворот, кое оневозможува доследно спроведување на класификацијата на осуденичките и одредениот третман. И иако установата, de facto, е од полуотворен тип, се акцентираат високите зидини кои ја обиколуваат установата и за кои, и покрај низата оправдувања од безбедносна природа, се уште се даваат сериозни негативни критики. Од истражувањата спроведени од Виктимолошкото друштво во Србија, забележано е дека зградите на установата се стари, сиви и еднолични и делуваат изветвено, што укажува на потреба од санација која во изминатава година беше на големо најавувана[37]. За сега, установата располага со две згради за сместување на осудените затворенилчки, трепезарија, зграда во која се оставаат стварите на осуденичките во текот на приемот, работен погон, магацин, зграда во која се наоѓа амбуланта, како и дел за сместување на трудници и мајки со деца и просторија за семејни посети. Во однос со реалните капацитети на установата, за периодот до 2012 кој е истражуван од друштвото се смета дека истата располага со 40 % повеќе затворенички одошто има услови за тоа. Односно, КПУ брои од 200-240 затворенички, а реалниот капацитет е од 170-180 лица. Со отворањето на нов објект, што е во план, се очекува сместување на до 500 осудени жени. Но за сега, пренаселеноста создава дополнителни проблеми во животните услови во установата, како што се недостатокот на простор, зголоемување на тензиите меѓу осуденичките, отежнување на работењето со нив, влошување на здравствената состојба кај нив и сл., со што се кршат правилата предвидени во Законот за извршување на

---

[33] Годишни извештаи за работата на Управата за извршување санкции за годините 2005, 20056, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 допстапни на http://www.uiks.mpravde.gov.rs/cr/articles/izvestaji-i-statistika;

[34] http://www.prisonstudies.org/country/serbia (последно пристапено на 12.01.2018);

[35] Чопич, С., Шачири, Б., Жене у затвору у Србији: услови за живот осуђеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј" 2012, стр. 26;

[36] Clan 13 Zakon o izvrsenju krivicnih sankcija, http://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_izvrsenju_krivicnih_sankcija.html;

[37] Во јули 2017 година беше најавена донација од ЕУ во износ од 2,6 милиони евра, кон која Министерството за правда придонело со сума од 400.000 евра за извршување на потребна реконструкција. Донацијата беше со цел Србија да ги задоволи критериумите за вклучување во Унијата, а кои се однесуваат на казнениот систем. О ЕУ нагглacија дека ваквата донација и реконструкција се неопходни и за подигање на нивото на безбедност при извршување на кривичните санкции, но и за заштита на основните права на затвореничките. Реновирањето треба да биде реализирано преку обновување на постоечките објекти како и изградба на нов павиљон. Види: https://www.blic.rs/vesti/drustvo/pocela-rekonstrukcija-zatvora-za-zene-u-pozarevcu/n5p44kj, http://www.rtv.rs/sr_lat/drustvo/rekonstrukcija-zatvora-za-zene-u-pozarevcu_843141.html;

кривични санкции на Србија, за постоење на четири метри квадратни и осум кубни метра простор по затвореник. Собите иако опремени согласно прописите, во полуотворениот и затворениот дел се смета дека немаат достапност до природна светлина колку што е потребно. Влагата и во оваа установа се наметнува како проблем. Телефонски говорници, место за пошта, Куќен ред, дневни соби опремени со телевизори, шах и сл. ги има и овде како и кај нас. Она кое е за пофалба е постоењето на посебна просторија за сместување на жени со инвалидитет, чие средување започнало во 2011 година. Оваа просторија има посебен под, рампа, прилагоден тоалет, инвалидска количка, и сл.

Во склоп со трепезаријата имаат и кантина каде можат да се снабдат со потребни производи, храна и цигари и сл. Цените во кантината се пониски од редовните цени. Плаќањето се врши со книшка која ја имаат кај себе, бидејќи готовина кај осуденичките не смее да има. Хигиената ја одржуваат сами и е на високо ниво, со оглед на расположливите услови. Во поглед на работата како третман, која значи стекнување, одржување и зголемување на работните способности кај осуденикот, навиките и стручното знаење, во затворот во Србија, околу 40-60 % од затвореничките се работно ангажирани. Дел работат во кројачки работилници, на изработка на накит, чистење ореви, изработуваат хартиени галантерии, кутии, играчки, потоа работат во трепезарии, го уредуваат дворното место, работат во градината или во пластеник. Надвор од установата се ангажирани на работа во економијата на Забели, во градска чистота за чистење и уредување на јавни површини, берат овошки во с. Браничево и сл[38]. Сепак и овде работниот процес не е доследен и често е прекинуван поради временските услови, недостаток на суровини, лоша опрема за работа и сл. Но, правата на работничките кои произлегуваат од заснован работен однос им се загарантитрани и доследно се исполнуваат. Процесот на образованието и овде, како и кај нас, не се спроведува, туку само одредени курсови, што се должи главно на недоволната мотивација и желба на осуденичките. Во поглед на правото на здравствена заштита, истата за затвореничките е бесплатна и според податоците кои ги изнесуваат вработените таму, скоро секоја затвореничка е корисник на одредена терапија – од витаминска до метадонска. Најмногу се издаваат невропсихијатарски терапии, а дури 50% од нив, паѓаат на лечење депресија и нервоза. Амбуланатата во установа се наоѓа во затворскиот круг. Има општа, стоматолошка и гинеколошка ординација и диспанзер со легла за болни. Затворот располага со терен за рекреација и спорт на отворено, како и просторија за рекреација внатре, односно сала за аеробик, вежбање и спортски активности. Затвореното одделение има посебна сала за таа намена во склоп со одделението. Во просторијата за слободни активности, затвореничките во слободно време можат да се занимаваат со плетење, везење, сликање и цртање, вклучување во драмска секција и сл. Установата располага и со библиотека со околку 4500 книги, и секојдневно добиваат дневен весник *Политика*. Во поглед на одржување на културно – забавниот живот на осуденичките, во установата редовно се организирани приредби и гостувања на разни уметници – драмски, фолклорни, музички и сл. Во свечената сала

[38] Чопич, С., Стевкович, Л.,Шачири, Б., Третман и остваривање права осуђеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012, стр. 48;

која е во склоп со установата се одржуваат приредби, установата има кино сала каде се врши и проекција на филмови[39].

И во Република Србија постоењето на само една установа за издржување на казната затвор за жени осуденички значи кршење на Бангкокчите правила. И овде, како и кај нас, е оневозможено одржување на редовен контакт со фамилијата поради физичка оддалеченост, која се смета за неприфатлива и негативна за третманот и целокупната ресоцијализација на осуденичката. Целокупната слика за пенитенцијарната установа е оценувана долги години како далеку од задоволителна, што како проблем е препознат од страна на властите, па поради тоа се и најавуваните обнови. Сепак, проблемите на кои укажуваат самите затворенички овде не се сведуваат единствено на архитектонското решение и на внатрешното уредување. Во интервјуа кои се правени со нив при едно истражување, затворениченките најмногу се жалат на недостигот од приватен простор, кој се должи на пренаселеноста, потоа на лошата храна како и на достигањето на храната добиена од пакетите до нив. Тие сметаат дека е подобро храната да ја подготвуваат самите, но сепак таа им се носи од КПУ Пожаревац-Забела, а кое се објаснува (оправдува) со фактот дека постои економска неисплатливост во организирање на централна кујна, како и недостатокот од простор за организирање на чајни кујни во сместувањето[40]. Исто така, се жалат и на недоволниот број на тоалети и тушеви во однос на вкупниот број на затворенички, што не дозволува соодветно одржување на хигиената, на големиот дел од санитарните јазли и уреди кои се во лоша состојба и никогаш немале доволно топла вода, потоа немање на соодветни услови за перење и сл.

**3. За Република Хрватска**

Растот на вкупната женска затвореничка популација е евидентиран и во Република Хрватска низ годините. Сепак, година по истражувачкиот период бележи сериозно опаѓање. Ако во 2000 година имаме 74 регистрирани женски затворенички, кој број за малку се дуплира во 2005 година на 140 затворенички. Во 2010 година Хрватска брои 225 затворенички, кој број во 2016 опаѓа на 132.[41]

Република Хрватска исто така се соочува со проблемот детектиран кај нас и во Република Србија, а кој исто така значеше не согласување со член 4 од Бангкочките правила. Имено, и оваа земја располага само со една пенитенцијарна установа во која жените можат да ја издржуваат казната затвор.

Затворот за жени е лоциран во Пожега и е со капацитет од 165 легла. Вкупниот број на затворенички во Хрватска чини 3,5% од целокупната затвореничка популација, што укажува на причината поради која Хрватска располага само со една установа за жени. Сепак, и овде се критикува фактот што половина од затвореничката женска

[39] Чопич, С., Стевкович, Л.,Шачири, Б., Третман и остваривање права осуђеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012, стр. 57;

[40] Чопич, С., Шачири, Б., Жене у затвору у Србији: услови за живот осуђеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012, стр. 41;

[41] http://www.prisonstudies.org/country/croatia (последни пристапено на 18.01.2018);

популација е оддалечена од семејството по просечно 200 км, и принудно одвоена од физички контакт со најблиските по година време[42].

Се работи за казнено поправна установа од затворен тип, со отворено и полуотворено одделение. Во оваа установа се издржува и казната малолетнички затвор. Правата и обврските на затворениците се уредени во Законот за извршување на казната затвор[43] кои, во главно, предвидуваат исто како и нашите законски и подзаконски одредби, како правото на работа и на образование, на соодветна исхрана, право на здравствена заштита, право на тајност на лични податоци, на соодветна стручна правна помош, на адекватно сместување и сл. За жените е предвидена посебна здравствена заштита и е нагласена потребата од достапност на гинеколог и гинеколошки прегледи, како и заштита на мајчинството и на трудниците со адекватни лекарстки третмани, исхрана и прилагодување на засебен програм за издржување на затворската казна. Детето со мајката во институцијата може да остане до навршување на три години, а одлуката за тоа, по молба на мајката, ја носи Центарот за социјална работа. Мајките и децата се сместени во посебно одделение и имаат право на неделна посета од страна на членовите на семејството. За детето, исто така е предвидена достапност на адекватна здравствена заштита и за детето кое престојува со мајката во установата. Потребната опрема и стручна нега за детето ја обезбедува самата установа. Со цел обезбедување на правилен развој на детето предвидено е, по навршување на една година, негово вклучување во предшколска програма надвор од казнено – поправната установа. Во Република Хрватска, по 2010 година е ставен поголем акцент на жентте затвореничи кои воедно се и мајки. Од статистичките податоци за 2015 година е воочено дека женската затвореничка популација чини 5% од вкупната, но декка 60-80% од неа отпаѓаат на жени кои воедно се и мајки. Затоа во 2014 година е покренат и проект со назив „ma#me“ чија цел е охрабрување и ојачување на затвореничките за родителската улога и вклучување на пазарот на трудот[44]. Во генералните права, кои се однесуваат за сите затвореници, а кои можат да се пресликаат за жените кои биле претходно виктимизирани, пред сторувањето на кривичното дело, предвидено е дека се можни ограничувања на конктактите со надворешниот свет, односно со оние лица од кои биле виктимизирани, а со цел осигурување на безбедноста на затвореникот[45].

Во истражување[46] од 2005 година за животот и третманот на женските осуденички, наспорти мажите, спроведено во Хрватска, покажано е дека жените таму се подобро адаптирани во затворското опкружување од мажите, почесто биле вклулчувани во работнитот и образовниот процес. Опишани се како лица кој се значително по уверени дека внатрешното стекнато искуство ќе им биде од корист во надворешниот свет. Сметаат дека институцијата им овозможува добри услови за работа

---

[42] http://hr.n1info.com/a83197/Vijesti/Zene-u-hrvatskim-zatvorima-Cine-manje-opasna-i-spektakularna-djela-a-opet-su-diskriminirane.html (последно пристапено на 17.01.2018);

[43] Zakon o izvršavanju kazne zatvora Republike Hrvatske, NN 128/99, 55/00, 59/00, 129/00, 59/01, 67/01, 11/02, 190/03, 76/07, 27/08, 83/09, 18/11, 48/11,125/11, 56/13, 150/13;

[44] http://www.roda.hr/udruga/projekti/mame/ (последено пристапено на 23.01.2018);

[45] Babič, V., Josipovič, M., Tomaševič, G., Hrvatski zatvorski sustav I zastita ljudskih prava zatvorenika, pregledni znanstveni rad, 2006 UDK 343.812(497.5) 341.231.14 - https://projektintegracija.pravo.hr/_download/repository/12Babic.pdf ;

[46] Šućur, Z., Žakman-Ban, V., Značajke života I tretmana žena u zatvoru, Hrčak – portal znanstvenih časopisa Republike Hrvatske, 2004, str.1055-1079;

и стекнување работно искуство, образование и организирање на слободни активности. Со оглед на вкупниот капацитет на расположливи легла во затворот, ниту во 2005, ниту во 2015 година не е забележан проблем со пренатрупаност или недоволни просторни услови. Иако од тогаш до 2015 година е нотиран скоро дупол пораст на бројот на женски затвореници[47], сепак тој број се уште не го надминува капацитетниот простор кој го овозможува институцијата. Затоа се смета дека просториите и објектот каде се одвиваат секојдневните активности, како задоволувањето на хигиенските потреби, работните и образовните процеси, активностите во слободното време, други облици на третман и слично, се соодветно опремени и се во согласност со потребите на осуденичките.

Сумарно, истражувајќи ги условите во женската казнено – поправна установа во Хрватска, наидуваме на резултати за нешто подобра слика од онаа затекната во Р.Србија и Р. Македонија. Архитектонските услови не се идеални, но се далеку подобри, како и методите на третман, кои се особено поразновидни и поприфатени од страна на жените таму. Затвореното одделение, се вели дела е подобно за реконструкција, но пак затоа отвореното се смета за солидно архитектонски уредено[48]. Адаптицајата на жените во институцијата е многу подобра, како од останатите земји така и во споредба со мажите таму. Главно, жените во затворот во Хрватска не се сметаат за агресивни и немаат сторено некакво тешко кривично дело. Најчесто се смета, дека престапот го имаат извршено како резултат на мината репресија која им била наметната. Најголем дел од жените и овде имаат сторено кривично дело како резултат на претходна виктимизација, па затоа се соочуваат со видни психички проблеми во рамките на институцијата, а кои се земаат во предвид при одредувањето на третманот[49]. Евидентен е порастот на затвореничката популација и таму (со одредени осцилации во 2014 година каде има пад на вкупната затвореничка популација), на кој пораст не биле и се уште не се доволно спремни тамошните институции, но кој е предвиден низ извештаите на адекватните институции согласно светскиот тренд. Според извештајот на Правобранителот за полова рамноправност од 2013 година, се смета дека жените најчесто вршат имотни деликти, па делити врзани со промет на наркотични средства. На трето место се забележани „крвните“ деликти. Проблемите кои ги има во делот кај машката популација, се подударaат со оние кои ги има во сите земји во регионов, како нехигиена, болести, пренатрупаност и сл. Но, во однос на женскиот дел од затвореничкото општество, постои отстапување на подобро. Поадекватен третман, подобри услови за живот таму, поголема социјална инклузија, и, особено важно, значително подобри решенија за мајките и децата во институцијата.

## 4. За Република Црна Гора

Како значително помала држава, со нешто повеќе од половина милион население, Црна Гора очекувано располага само со една установа каде казната затвор ја издржуваат женските осуденички. До 2012 година, затвореничките биле сместувани во посебен дел од павињонот Ф, во кој казната затвор ја издржуваат и мажи, но физички

---

[47] https://www.voxfeminae.net/cunterview/politika-drustvo/item/8747-zena-majka-zatvorenica (последно пристпено на 23.01.2018);

[48] http://pogledaj.to/art/zene-ubijaju-iz-ocaja/(последно пристпено на 23.01.2018);

[49] Paulenke, M., “Drugi dom”, Akademija dramskih umetnosti, Zagreb, diplomski rad, 2016;

одвоени од нив. Согласно тамошниот Закон за извршување на кривични санкции и членот 16[50], направен е нов затвор кој на установата е предаден на 18 јуни 2012 година. Во него казната затвор ја издржуваат жени кои се кривично или прекршочно осудени. Со тоа, денес, женскиот затвор во Црна Гора е потполно физички одвоен од сите останати павиљони на казнено поправниот дом во Спуж, со што се задоволени законските претпоставки за одвоено издржување на затворската казна, согласно половата припадност.

Законскиот текст предвидува еднакви права и обврски за мажите и жените затвореници. Во однос на полово специфичните права, предвидено е дека во установата мора да постои посебна просторија за жени трудници и мајки со деца, какои тоа дека пораѓајот треба да се случи во болница, а доколку е во установата, како што е предвидено впрочем и во сите меѓународни акти, како податок не се нотира. Понатаму, исто како што предвидува и нашето законодавство, постои можност за жените, покрај останатите кои се однесуваат за сите затвореници, да отпочнувањето со издржувањето на казната биде одложено доколку жената има дете помало од година, или доколку е трудна, а до пораѓајот останале не повеќе од три месеци. Останатите права кои се загарантирани и во останатите анализирани држави, а кои значат усогласување со Минималните стандарди и останатите меѓународни документи, се предвидени и во правното решение на Црна Гора. Родовата сензибилизација е запазена и во Законот за извршување на казната затвор, паричната казна и мерките за безбедност на Црна Гора[51]. Уште во членот 6, именуван како „употреба на родово сензибилизиран јазик“, предвидено е дека фразите кои се користат во законот за физички лица од машки род, подразбираат исти изрази и за женски род[52]. Сместувањето, како и правата кои произлегуваат од бременоста и мајчинството се превидени и загарантирани и со овој закон. Издвоено, во посебен член е и правото на гинеколошки преглед, во кој е наведено само дека установата треба да го обезбеди (не е наведено конкретно дали треба да има вработено или не лекар во установата за ваков преглед). Останатите права, повластувања и обврски се унифицирани за сите затвореници. Овие два акта не содржат родово сензибилни модели на третман, што е забележано и кај останатите соседни земји. Правата кои се издвојуваат и кои се разликуваат се сведуваат единствено на бременоста, пораѓајот и мајчинството.

Во институцијата жените се задолжуваат да носат униформи, сопствена гардероба им е дозволена во слободното време и при слободните активности. Во времето на преоѓањето во новата установа, 2012 година, биле евидентирани 23 жени затворенички, кои биле осудувани за убиство, кривични дела врзани со злоупотреба на дрога, за имотен криминалитет и слично[53]. Опсервација[54] направена над казнено

[50] Zakon o izvršenju krivičnih sankcija Crne Gore, "Službenom listu RCG", br. 25/94, 29/94, 69/2003 i 65/2004 i u "Službenom listu CG", br. 32/2011;

[51] Zakon o izvršenje kazni zatvora, novčane kazne i mjera bezbjednosti Crne Gore, juni 2015, http://sudovi.me/podaci/osba/informacije/info_doc/665.pdf ;

[52] Воочување: за разлика од останатите законски решенија кои го користат терминот „пол“, тука се забележува поголемо усогласување со мешународните решенија, и се оперира со терминот „род“;

[53] http://www.vijesti.me/vijesti/u-novom-zenskom-zatvoru-kao-u-hotelu-80552 (последно пристапено на 23.01.2018);

[54] Prava lica lišenih slobode u zatvorskom sistemu Crne Gore I drugim zatvorenim institucijama, Building free of torture and impunity societies in Western Balakans, an EU-funded project, Inicijativa mladih za ljudska

поправните установи во Црна Гора во 2016 година, дава податоци дека женскиот затвор има заддоволителни животни услови. Собите на осуденичките се во добра состојба, чисти и пријатни, со засебни тоалети и мивалници. Купатилата им се одвоени и раполагаат со четири туш кабими и една машина за перење. Имаат достапност до задоволителни хигиенски услови и сл. Во 2015 бројот на затвореничките изнесувал 25, наспроти вкупниот капацитет од 37 легла и уште две во дисциплинското одделение, што значи не постои пренатрупаност во институцијата, за разлика од установите каде жените ја издржуваат затворската казна. Установата располага со вкупно девет соби (16-25 квадратни метри), плус две во дисциплинското одделение. Адаптирани се дневен престој, простор за шетање, просторија за посети и место за тренинг. Во собата за посета лоцирана е и канцеларијата на шефицата и справите за вежбање. Оваа соба се користи и како работна соба. Има библиотека со околку 1200 книги. Постои и посебна просторија за мајки со деца, а установата обезбедува средства кои се потребни за грижа на новороденчињата и децата. Во анализите е наведено дека не постојат изјавени жалби и примедби по било кој основ од страна на затвореничките.

## 5. За Република Босна и Херцеговина

Женската затвореничка популација во Босна и Херцеговина низ годините, бележи некакво благо маневрирање со покачување на учеството во вкупниот број на осудени лица на казна затвор. Ако во 2005 година тој број изнесувал 40 жени осудени на казна затвор, во 2010 благо расте на 46, за во 2012 година да има 49 осуденички кои издржуваат затворска казна.[55]

Одделението за жени на казнено – поправната установа во Тузла, кое е од полуотворен тип, е единствениот затвор за жени на подрачјето на Федерацијата Босна и Херцеговина. Освен во Тузла, во склоп со казнено – поправната установа во Кула во Источно Сараево, се наоѓа и единствениот женски затвор на подрачјето на Република Српска, кој располага со капацитет од 22 легла Затворската казна и нејзиното извршување примарно се предвидени во Законот на Босна и Херцеговина за извршување на кривичните санкции, притворот и другите мерки[56].

Членот 11 од овој Закон предвидува оддвоено сместување на мажи и жени, за кое е наведено дека треба да биде обезбедено или во посебна установа или во посебно одделение во Установата. Со членот 60, кој се однесува на притворени и затворени жени, предвидено е дека треба да се посвети посебно внимание на потребите на жената, во смисла на запазување на нивните физички, стручни, социјални и психолошки потреби, а при донесување на одлуки кои се врзани со било кој аспект од нивниот престој во затворот. Наведено е дека Управата ќе настојува да осигура да обемот на активности достапен на жените лишени од слобода биде согласно улогата на жената во современото општество, така што истите да бидат споредливи со активностите достапни на мажите. Истиот член предвидува дека пораѓајот на жената која е бремена при лишувањето од слобода, ќе ѝ биде овозможен надвор од установата, но доколку детето

prava Crne Gore, 2016, str.18, http://www.yihr.me/wp-content/uploads/2010/03/Prava-lica-lisenih-slobode-u-zatvorskom-sistemu-cg-i-drugim-zatvorenim-institucijama.pdf;

[55] http://www.prisonstudies.org/country/bosnia-and-herzegovina-federation (последно пристапено на 23.01.2018);

[56] Zakon Bosne I Hercegovine o izvršenje sankcija, pritvora I drugih mjera, prečišćeni tekst “Službeni glasnik Bosne I Hercegovine”, br. 24/08,12/10;

се роди во установата, Управата ќе и ја даде целокупната потребна поддршка, помош и неоходни услови. Законот предвидува еднакви права за мажите и жените затвореници, како правото на работа и правата кои произлегуваат од работата, правото на образование, здравствена заштита согласно потребите, правото на комуникација со надворешниот свет и сл. И овде е предвидена сензибилноста за можноста за одложување на започнувањето со издржување на казната затвор во однос на мајчинството, при што е наведено дела жена која дои дете помладо од година или жена која е трудна има право на поднесување на барање за одложување со отпочнување на извршување на казната. Во подзаконските акти исто така се нормирани и потенцирани посебните права на жената во однос на бременост или мајчинство. Предвидено е за трудниците на кои до пораѓај им преостануваат помалку од пет месеци, како и за родилките до навршување на една година старост на детето, исхраната да биде изедначена како за болните затвореници, односно да се припрема согласно предлогот даден од лекар, а во согласност законските и подзаконските акти на БиХ[57]. Надоврзано на тоа, предвидено е и обезбедување на посебна храна по вид и количина на децата и родилките-затворенички до навршување на година. При одредувањето на видот на облеката која треба да биде наменета на затворениците, се води сметка за родот и се потенцирани специфичностите кои произлегуваат од него, а во согласност со правилата.

Иако и во двата спомената затвора е забележан пораст на вкупниот број на затворенички, кој изнесува од 3-10 % од вкупната затвореничка популација, сепак до 2015 година тој не ја достигнал бројката на расположливиот капацитет на установите, па така, не е евидентирана пренатрупанопст во институциите[58]. Профилите на затвореничките се разноврсни, како и во останатите земји, и најчесто се осудувани за кривично дело убиство. Потоа за злопутореба на опојни дроги и за имотен криминалитет. Во рамки на затворите жените склучуваат бракови, раѓаат деца и ги користат сите загарантирани права кои им припаѓаат, со цел постигнување успешна ресоцијализација. Организирани се фолклорна, музичка и драмска секција, каде затвореничките можат да го користат своето слободно време и во кои можат активно да се вклучат, имаат занаетчиски работилници, можности за работа на различни места (кантина, хигиеничарки), имаат библиотека, спортски терен, теретана и сл. Установата овозможува посета на креативни работилници, во склоп со предвидената работна – окупациона терапија, под водство на инструктор, каде скоро сите затворенички земаат учество и плетат, шијат, вајат, и изготвуваат готови продукти[59].

Спроведени истражувања ја покажуваат освестеноста на затвореничките таму за можностите кои им ги нуди самиот затвор за работно оспособување, па затворот не го доживуваат како хендикеп во однос со животот надвор по излегувањето. Општествената казна ја доживуваат многу полесно од нивното доживотно самоказнување. Но, бидејќи најголемиот процент отпаѓа на убиства кои ги имаат сторено жените на партнерите од кои претходно биле виктимизирале, или други членови од семејството или блиски лица,

[57] Pravilnik o odjeći i obući, ishrani, disciplinskom postupku, uslovima i na činu izdržavanja disciplinske kazne upućivanja u samicu i mjere usamljenja pritvorenika i zatvorenika u zavodu za izvršenje krivi čnih sankcija, pritvora i drugih mjera Bosne i Hercegovine “Službeni Glasnik BiH” br. 20/05 http://www.mpr.gov.ba/biblioteka/podzakonski_akti/default.aspx?id=1232&langTag=bs-BA;

[58] https://www.vecernji.ba/vijesti/u-zatvorima-62-osudene-zene-iz-bih-1093404 (последно пристапено на 24.01.2018);

[59] https://www.youtube.com/watch?v=nFo6JuOKswc;

критично настапуваат кон општетсвото кое потфрла во превенирање на ваквите проблеми и кое, според нив, е подеднакво виновно за положбата во која тие се нашле и делото кое го имаат сторено.

## 6. За Република Словенија

Како и во останатите земји на Балканот, трендот на зголемување на вкупната женска осуденичка популација во пенитенцијарнмите установи, расте и во Словенија. Во 2005 година имало евидентирано 48 затворенички. Во 2010 година овој број е зголемен на 53, а во 2015 на 81 затвореничка. Во 2017 година пак има уште едно покачување на 97 евидентирани осуденички на затворска казна.[60]

Како и во останатите анализирани држави, и Република Словенија располага со само една институција каде се упатуваат жените лишени од слобода лоцирана во Иг, Љубљана. Капацитетот на институцијата овозможува прием на 130 жени кои се осудени во кривична или прекршочна постапка. Капацитетот е проширен неодамна, поради забележаниот пораст на женското затвореничко општество (од 86 легла до 2015 година). Се смета дека ваквото проширување е само привремено решение, па по анализите и прогнози за натамошниот тренд на движење на криминалитетот на жената, би се презеле посилни мерки. Во истата установа се упатуваат и притворените жени, како и малолетничките осудени на казна малолетнички затвор[61]. Родовата сензибилизиација во Словенија, освен во основните права кои се забележливи во сите држави од поранешна Југославија, е присутна нешто порано и во начинот на определувањето на третманот и самиот третман. Имено во 70 тите и 80 сетите години од минатиот век, Словенија отишла чекор понапред со воведување на пермисивни идеи на третман за малолетниците. Резултатите биле особено задоволителни и покажале дека пермисивните методи не само што немаат лошо влијание на рехабилитацијата, туку се покажале и како исклучително полезни за затворениците, вработените и локалното население[62]. Во тој период е спроведен и експеримент базиран на рехабилитивните идеи за третманот на затворениците и социо-терапијата за женските затворенички, а кој бил базиран на принципите за хуманистичка психологија и пенологија, а кој придобил значително повеќе политички, медијски и јавен интерес и поддршка. Проектот имам цел да ја подобри емотивната и социјалната клима во институцијата, кој и покрај сите предрасуди и целокупниот скептицизам за успех на групната работа од страна на терапевтите, но присутен и кај самите затворенички, покажал значителен успех и напредок[63].

Согласно Законот за извршување на кривични санкции[64], мажите и жените казната затвор ја издржуваат одвоено. Меѓу предвидената здравствена заштита, нотирани се посебните права кои произлегуваат согласно полот, особено мајчинството.

[60] http://www.prisonstudies.org/country/slovenia (последно пристапено на 19.01.2018);

[61] http://www.mp.gov.si/en/about_the_office/prison_administration_bodies_of_the_ministry/prisons_and_the_juvenile_correctional_home/ (последно пристапено на 19.01.2018);

[62] Vodopivec, et al., 1973; Brinc, FVV, цитирано според Meško, G., Fields, C., Smole, T., A Concise Overview of Penology and Penal Practice in Slovenia: The Unchanged Capacity, New Standards and Prison Overcrowding;

[63] Petrovec, D., Meško, G., Back to the Future: Slovenia's Penological Heritage. Journal of Criminal Justice and Security (Varstvoslovje), 2006, 365-376;

[64] Zakon o izvrševanju kazenskih sankcij, „Uradni list RS", št. 22/00, 113/05, 70/06, 110/06, 76/08, 40/09, 9/11, 96/12, 109/12, 54/15;

Мајката, која го родила своето бебе за време на издржувањето на казната, има право да го задржи со себе до навршување на негова една година. Потоа детето го превзема другиот родител, останати родители или згрижувачко семејство. Исклучоци се предвидени доколку постојат некои специфични здравствени состојби, некакви исклучителни социјални или други проблеми, или доколку мајката до тој рок ја отслужи казната – да детето остане кај неа до навршување на две години. Установата обезбедува адекватна грижа за мајките и децата во затворот, како што впрочем е нотирано и во останатите земји, а обезбедува и посебно одделение во кое се сместуваат мајките со новороденчињата или трудниците непосредно пред пораѓајот.

Во 2014 година е забележано доближување на вкупниот расположлив капацитет на установата, со вкупниот број на жени затвореннички. Во останатите периоди, и покрај тенденцијата на пораст, не е евидентирано поколпување или пренатрупаност, но бројот на затвореннички пред и по 2010 година е удвоен[65]. Бројот на затворени жени бил секогаш помал од капацитетите. Во установата жените имаат месечни гинеколошки прегледи (и почесто доколку е потребно), неделни прегледи од општ лекар и еднаш во два месеци преглед од стоматолог и психијатар[66]. Најчести кривични дела кои ги вршат и поради кои се судат на затворска казна, се против имотот, трговија со наркотици, насилни кривични дела (како убиство, сексуални престапи и сл.). Кај затворениците забележан е тренд на злоупотреба на дрога и наркотични зависности како и зависности од алкохол. Над женските затвореници се спроведуваат групни и индивидуални третмани во насока на постигнување на ресоцијализација. Во последните години е забележано поголемо практицирање на индивидуалниот третман преку кој се воспоставува начин за комуникација на затвореничката со останатите затвореннички и со вработените, се определуваат слободните активности во кои би се вклучила, се одредува начинот на соработката и остварувањето на контактите со семејството, како и одредување на специјален третман доколку е потребен, а кој значи одвикнување од зависности, вклучување во посебни програми доколку биле вклучени во насилни криминалитетот и сл.

Установата располага со специјални соби за посета на нејзините деца како и опремено игралиште во кое може да се одвива посетата. Работата е често применуван метод и овде, и многу повеќе одошто образованието, за кое и нема податоци дека е користено од страна на женските затвореннички во изминатиов период. Во поглед на слободните активности, Установата им обезбедува место за спорт и рекреација, курсеви насочени кон драмската уметност и театарот, уметноста, располага со библиотека, има развиена соработка со надворешни невладини активисти кои помагаат во спроведување на конкретни работилници и курсеви.

[65]http://www.rtvslo.si/news-in-english/more-and-more-slovenian-women-landing-in-prison-many-convicted-of-white-collar-crimes/415717 (последно пристапено на 24.01.2018);

[66] Mrhar – Prelić, D., The Women’s prison Ig-Slovenia, Ministerstvo za Pravosodje, Uprava za izvrševanje kazenskih sankcij, 2014;

## ЗАКЛУЧОК

Условите кои ги има жената осуденичка на казна затвор во Република Македонија, а како што гледаме и, со благи осцилации, затвореничките во сите држави од поранешна Југославија, се далеку од идеални, што повеќе и далеку од базични. Секаде, првичната родова сензибилизација се чувствува во однос на бременост кај жената, мајчинство, доење и здравствената заштита. Третманот е предвиден еднаков како оној кај мажите и сите права и обврски кои се предвидени за нив, се предвидени и за жените затворенички, со минимални остапувања согласно родот. Засебни методи нема развиено во ниту една држава. Предвидените психички методи за жени жртви на насилство и виктимизирани пред извршувањето на кривичното дело, ретко кога се вистински спроведуваат и генерален заклучок е дека земјите од поранешна Југославија не го препознаваат и третираат вистински синдромот на повредувана жена, која од жртва ја довело до положба на затвореник. Иако земјите располагаат со соодветна и добро поставена законска и подзаконска регуилатива, сепак самата просторна оддалеченост од семејството, која ја забележавме секаде, е неспоива со успешен третман и ресоцијализација, а е принудна поради постоење на единствена ваква установа за издржување на затворска казна за жени. Иако, како што прикажавме, во одредени наврати некои земји навистина предничат во споредба со останатите, особено со нашата, сепак глобален заклучок е дека бангкочките правила за сега се утопија. Во најголем процент, базичните здравствени услуги кои ги добиваат се косат со предвиденото во меѓународните акти и минималните стандарди и се оскудни. Нередовните прегледи, несоодветната терапија се само дел од проблемите со кои секојдневно се соочуваат. И колку, архотектонски, просторот да е подобро уреден и хигиената да е повисока од она кое го има во пенитенцијарните установи каде казна затвор издржуваат мажи, во повеќето земји, сепак е незадоволително. Но најстрашно од се, е тоа што, скоро секаде, не е воспоставен адекватен однос и механизам за развивање и определување на соодветен третман на затвореничките, а истиот е клучен за нивната ресоцијализација. Во битието на казната не лежи само изолацијата со цел одмаздување на престапникот, туку определување на начин преку кој тој би се превоспитал и (ре)интегрирал во општеството како негов полноправ член.

Она што можеме да го извелечеме како сиже од овој компаративен осврт е дека во 21 век, сите земји од поранешна Југолсавија, со исклучок на Босна и Херцеговина, имаат само една единствена институција во која жените осуденички се упатуваат за издржување на затворска казна. Во сите земји нема отстапување од вкупната 3 – 10 процентна застапеност на жените во вкупната затвореничка популација, и освен во Србија, другите земји не се соочуваат со пренатрупаност во женските одделенија/затвори. Хрватска предничи во поглед на иновативните проектни решенија за затвореничките – родители, тука некаде е и Словенија која ги подобрува рехабилитативните идеи за третманот на затворениците и вклучува социо – терапија за женските затворенички. Овие две земји се на скалило погоре во поглед на пенитенцијарните решенија во однос на останатите. Во Црна Гора новите објекти овозможиле подобри животни стандарди за затвореничките, што нормално е за поздравување. Сепак, се уште постојат длабински проблеми како оној со оддалеченоста од средината во која живеат, и колку и да се насочуваат причините на страната на финансиската немоќ, сепак мотивираноста на институцијата и почитувањето на

определени стандарди е поголем проблем. Проблемот и ќе постои, се додека акцентот е ставен на изолацијата, наместо на одвраќањето од криминал и превоспитувањето.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### *Домашна литература*

Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевска, А., Пенологија, втор дел, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2013

Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевска, А., Пенологија, прв дел, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2013

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2013 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2014 година, http://www.pravda.gov.mk/UIS/godisen2013.pdf;

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2012 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2013 година, http://www.pravda.gov.mk/UIS/GODISEN%20IZVESTAJ_uis_2012.pdf

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2016 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2017 година, http://www.pravda.gov.mk/UIS/Godisen%20izvestaj%20na%20UIS%20za%202016%2010_05_2017.pdf;

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2015 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје, 2016 година, http://www.pravda.gov.mk/UIS/GI_UIS_13012017.pdf

Годишен извештај за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2016, Народен правобранител, март 2017, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf

Годишен извештај, Народен Правобранител, Национален превентивен механизам, мај 2013 стр 40,41, http://ombudsman.mk/upload/NPM-dokumenti/Izvestai/NPM%20Godisen%20izvestaj-2012.pdf

Годишни извештаи за работата на Управата за извршување санкции за годините 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 достапни на http://www.uiks.mpravde.gov.rs/cr/articles/izvestaji-i-statistika;

Груевска-Дракулевски, А., Затвор и рецидивизам, Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, Скопје, 2016

Информација за состојбите со оставрувањето на правата на осудените лица во казнено - поправните установи во Република Македонија, Народен Правобранител на Република Македонија, октомври 2010 година, http://ombudsman.mk/upload/documents/Informacija%20KPU-2010-mk.pdf

Мојаноски, Ц., Бачановиќ, О., Аќимовска – Малетиќ, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска, М., Илијевски, И., Јованова, Н., Димитровска, А., Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија, Истражувачки извештај, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2014

***Странска литература***

Babič, V., Josipovič, M., Tomaševič, G., Hrvatski zatvorski sustav I zastita ljudskih prava zatvorenika, pregledni znanstveni rad, 2006 UDK 343.812(497.5) 341.231.14 - https://projektintegracija.pravo.hr/_download/repository/12Babic.pdf ;

Mrhar – Prelić, D., The Women's prison Ig-Slovenia, Ministerstvo za Pravosodje, Uprava za izvrševanje kazenskih sankcij, 2014;

Paulenke, M., "Drugi dom", Akademija dramskih umetnosti, Zagreb, diplomski rad, 2016;

Petrovec, D., Meško, G., Back to the Future: Slovenia's Penological Heritage. Journal of Criminal Justice and Security (Varstvoslovje), 2006

Prava lica lišenih slobode u zatvorskom sistemu Crne Gore I drugim zatvorenim institucijama, Building free of torture and impunity societies in Western Balakans, an EU-funded project, Inicijativa mladih za ljudska prava Crne Gore, 2016, http://www.yihr.me/wp-content/uploads/2010/03/Prava-lica-lisenih-slobode-u-zatvorskom-sistemu-cg-i-drugim-zatvorenim-institucijama.pdf;

Šućur, Z., Žakman-Ban, V., Značajke života I tretmana žena u zatvoru, Hrčak – portal znanstvenih časopisa Republike Hrvatske, 2004, str.1055-1079;

Vodopivec, et al., 1973; Brinc, FVV, цитирано според Meško, G., Fields, C., Smole, T., A Concise Overview of Penology and Penal Practice in Slovenia: The Unchanged Capacity, New Standards and Prison Overcrowding;

Чопич, С., Стевкович, Л.,Шачири, Б., Третман и остваривање права осуџеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012

Чопич, С., Стевкович, Л.,Шачири, Б., Третман и остваривање права осуџеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012

Чопич, С., Шачири, Б., Жене у затвору у Србији: услови за живот осуџеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012

Чопич, С., Шачири, Б., Жене у затвору у Србији: услови за живот осуџеница у Казнено –поправном заводу за жене у Пожаревцу, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012

***Домашна регулатива***

Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на РМ“ бр. 2/06, 57/10, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16;

Куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено – поправна установа, Министерство за правда, јануари, 2012

Национална Стратегија за развој на Пенитенцијарниот систем (2015-2019), Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на Законот и соодветно постапување со задржаните и осудени лица, Совет на Европа, декември 2014

Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица, Службен весник на РМ, бр.173/2011

Упатство за видовите и начините на третман на осудените лица, „Службен весник на Република Македонија", 123/2007

Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Министерство за Правда, Управа за извршување на санкции, Скопје 2011

***Странска регулатива***

Zakon o izvršavanju kazne zatvora Republike Hrvatske, NN 128/99, 55/00, 59/00, 129/00, 59/01, 67/01, 11/02, 190/03, 76/07, 27/08, 83/09, 18/11, 48/11,125/11, 56/13, 150/13;

Zakon o izvršenju krivičnih sankcija Crne Gore, "Službenom listu RCG", br. 25/94, 29/94, 69/2003 i 65/2004 i u "Službenom listu CG", br. 32/2011;

Zakon o izvršenje kazni zatvora, novčane kazne i mjera bezbjednosti Crne Gore, juni 2015, http://sudovi.me/podaci/osba/informacije/info_doc/665.pdf ;

Zakon Bosne I Hercegovine o izvršenje sankcija, pritvora I drugih mjera, prečišćeni tekst "Službeni glasnik Bosne I Hercegovine", br. 24/08,12/10;

Pravilnik o odjeći i obući, ishrani, disciplinskom postupku, uslovima i na činu izdržavanja disciplinske kazne upućivanja u samicu i mjere usamljenja pritvorenika i zatvorenika u zavodu za izvršenje krivi čnih sankcija, pritvora i drugih mjera Bosne i Hercegovine "Službeni Glasnik BiH" br. 20/05 http://www.mpr.gov.ba/biblioteka/podzakonski_akti/default.aspx?id=1232&langTag=bs-BA;

Zakon o izvrševanju kazenskih sankcij, „Uradni list RS", št. 22/00, 113/05, 70/06, 110/06, 76/08, 40/09, 9/11, 96/12, 109/12, 54/15;

***Меѓународни инструменти***

United Nation Rules for Treatment of Women Prisoners and non-custodial measures for women offenders (Bangkok Rules), Resolution 2010/13, United Nation

***Интернет страни***

http://hr.n1info.com/a83197/Vijesti/Zene-u-hrvatskim-zatvorima-Cine-manje-opasna-i-spektakularna-djela-a-opet-su-diskriminirane.html (последно пристапено на 17.01.2018);

http://pogledaj.to/art/zene-ubijaju-iz-ocaja/ (последно пристпено на 23.01.2018);

http://www.institut-alternativa.com.mk/index.php/psihoterapija/skoli-i-pravci/kognitivna;

http://www.mp.gov.si/en/about_the_office/prison_administration_bodies_of_the_ministry/prisons_and_the_juvenile_correctional_home/ (последно пристапено на 19.01.2018);

http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis01 (последно пристапено на 25.01.2018)

http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis03 (последно пристапено на 25.01.2018);

http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis04 (последно пристапено на 25.01.2018);

http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis07 (последно пристапено на 25.01.2018);
http://www.pravda.gov.mk/tekstoviuis.asp?lang=mak&id=uis10 (последно пристапено на 25.01.2018);
http://www.pravda.gov.mk/UIS/kognitivna.pdf ;
http://www.prisonstudies.org/country/bosnia-and-herzegovina-federation (последно пристапено на 23.01.2018);
http://www.prisonstudies.org/country/croatia (последни пристапено на 18.01.2018);
http://www.prisonstudies.org/country/serbia (последно пристапено на 12.01.2018);
http://www.prisonstudies.org/country/slovenia (последно пристапено на 19.01.2018);
http://www.roda.hr/udruga/projekti/mame/ (последено пристапено на 23.01.2018);
http://www.rtvslo.si/news-in-english/more-and-more-slovenian-women-landing-in-prison-many-convicted-of-white-collar-crimes/415717 (последно пристапено на 24.01.2018);
http://www.vijesti.me/vijesti/u-novom-zenskom-zatvoru-kao-u-hotelu-80552 (последно пристапено на 23.01.2018);
https://www.blic.rs/vesti/drustvo/pocela-rekonstrukcija-zatvora-za-zene-u-pozarevcu/n5p44kj,
http://www.rtv.rs/sr_lat/drustvo/rekonstrukcija-zatvora-za-zene-u-pozarevcu_843141.html;
https://www.vecernji.ba/vijesti/u-zatvorima-62-osudene-zene-iz-bih-1093404 (последно пристапено на 24.01.2018);
https://www.voxfeminae.net/cunterview/politika-drustvo/item/8747-zena-majka-zatvorenica (последно пристапено на 23.01.2018);
https://www.youtube.com/watch?v=nFo6JuOKswc;